





# ЕКО АКЦИЈА
## СОБИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДНИ МАСЛА ЗА ЈАДЕЊЕ




sunilens
секогаш тука за вас

www.sunilens.com.mk

sunilens
секогаш тука за вас

# ОД ОТПАД ДО ЕНЕРГИЈА: отпадните масла се еко суровина за биогорива

## Преку собирање и рециклирање на отпадните масла за јадење:




- Ја заштитуваме животната средина.
- Ги намалуваме економските и општествените штети кои се предизвикуваат со несоодветно фрлање на овој отпад.
- Придонесуваме до циркуларна зелена економија преку искористување на енергетскиот потенцијал на оваа еко суровина.
- Суниленс е специјализирана компанија за собирање, складирање и третман на отпадните масла за јадење од растително потекло со сите потребни дозволи и сертификати за извршување на оваа дејност уште од 2009 година.

## ЗДРАВЈЕ: зошто е добро редовно да се менуваат маслата за јадење?

- Повеќекратната употреба на маслата за јадење е штетна по нашето здравје поради токсичното соединение (NHE) кое со тек на време се акумулира во некои растителни масла и може да предизвика различни заболувања.
- Маслата за јадење после нивната употреба добиваат својство на отпад. Нивната боја потемнува и добиваат остар мирис на храната која се приготвува. Затоа се препорачува тие да не се употребуваат повторно во готвење.
- Со редовно и често менување на маслата за јадење после секое готвење, значително го намалуваме ризикот по нашето здравје.



**Напомена**: Преку оваа еко акција собираме и рециклираме само отпадни масла за јадење од растително потекло (сончогледово масло, маслиново масло, масло од репка и други). Не собираме отпадни масла и масти од животинско потекло, моторни масла и други видови на минерални масла.

## ПРИРОДА: зошто е добро соодветно да се селектираат и собираат отпадните масла?

**Отпадните масла за јадење не треба да се фрлаат во мијалникот, тоалетниот одвод или да се мешаат со комуналниот отпад бидејќи:**

- 40% од проблемите со затнување на водоводните и канализационите системи се предизвикани од стврднување на непрописно отстранетите отпадни масла. Во некои земји на годишно ниво водоводните претпријатија трошат во просек 17,5 милиони евра за санирање на блокадите предизвикани од масти и масла за јадење кои се исфрлени во канализационите одводи.

- Еден литар отпадно масло за јадење може да загади до еден милион литри вода.

- Доколку отпадно масло се излие во реките, потоците и езерата предизвикува сериозно загадување на нивниот еко систем преку драстично намалување на кислородот и создавање на токсичен талог на дното и по коритата.

- Акумулацијата на отпадни масла за јадење во почвата го попречува протокот на вода и воздух и негативно влијае врз растителниот свет.



**КОЛКУ ПОВЕЌЕ СЕЛЕКТИРАШ И СОБИРАШ ОТПАД, ТОЛКУ ПОВЕЌЕ ЈА ЗАШТИТУВАШ ПРИРОДАТА**

## ЕДУКАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ: зошто е добро да се рециклира?

Преку собирање на отпадните масла за јадење и нивно предавање на овластен собирач, даваме одличен пример за нашите деца и најмладите да можат да научат за еколошките вредности кои процесот на рециклирањето ги нуди за општеството, животната средина и здравјето на сите околу нас.



**Дали знаевте дека....**

- Еден литар отпадно масло за јадење има енергетски својства кои може да се искористат за работа на телефонски полнач од 1000 часа.

- Со еден литар отпадно масло за јадење може да се создаде доволно енергија за да се направат 240 шолји кафе.

## СИСТЕМ НА СОБИРАЊЕ ДИРЕКТНО ДО СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО

- Доставуваме 3 литарски пластични садови за собирање на отпадни масла директно до вашиот дом.
- Отпадното масло се отстранува лесно и едноставно. После готвењето, почекајте маслото да се олади и потоа истурете го во нашиот сад. Поради безбедност и заштита од истурање, чувајте го садот со отпадно масло на место кое е недостапно за деца.
- Кога ќе го наполните садот, контактирајте не за да ја подигнеме собраната количина и да ви доставиме нов чист сад за собирање.
- Секоја капка отпадно масло за јадење собрана преку нашиот систем се користи за добивање на обновлива енергија, односно биодизел.

### ПРОЦЕС НА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИ МАСЛА ЗА ЈАДЕЊЕ




**При подигање на секои 3 литри отпадно масло доделуваме половина литар Дијамант сончогледово масло за јадење.**

**Контактирајте не на 070 264 444 или на 02 2650 100 и нашиот тим веднаш ќе ве посети...**

## ЕКО ИНИЦИЈАТИВА „РЕЦИКЛИРАЈ И ДОНИРАЈ“

- Со иницијативата „РЕЦИКЛИРАЈ И ДОНИРАЈ“, која ја спроведуваме заедно со здружението Љубезност, им овозможуваме на сите собирачи преку рециклирање на отпадните масла за јадење да направат донација до социјално загрозени семејства во Македонија.
- За секои собрани 3 литри отпадно масло од собирачи кои ќе изразат желба да направат донација, Сунilenс ќе обезбеди половина литар Дијамант сончогледово масло за јадење до здружението Љубезност кое преку нивните посети и готвените седмични оброци на Ретвитни оброк ќе го донираат маслото како помош до социјално загрозени семејства.
- Акцијата **#рециклирајидонирај** е одлична можност да направиме значаен придонес во подобрување на социјалните и еколошките сегменти во нашето општество.

Сунилeнс ДООЕЛ; Качанички пат бр. 140
Индустриска Зона Визбегово 1000 Скопје, Македонија
Контакт 02/2650-100, 070/264-444
Е-пошта: operator@sunilens.com.mk
Веб: www.sunilens.com.mk
Фејсбук: facebook.com/SUNILENS/
Твитер: twitter.com/sunilens_dooel

Љубезност

Здружение Љубезност
Веб : ljubeznost.mk
Фејсбук: facebook.com/ljubeznost/
Твитер: twitter.com/Vistinski_dela